[redacted]

**До:** Фонд за иновации и технолошки развој
ул. ГТЦ, локал 6, Д.Е. 220
1000 Скопје

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:** [redacted] ул. [redacted] бр. [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] административен асистент, ул. [redacted] бр. [redacted] или [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

Начин на доставување на информацијата:

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**

5) друго ______________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 04.05.2022 година .**

_______________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Фонд за иновации и технолошки развој
Fondi për Inovacione dhe Zhvillim Teknologjik

Бр./N[redacted]
[redacted]год/viti
Скопје-Shkup

Фондот за иновации и технолошки развој постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] ул. [redacted] бр[redacted] со е-пошта [redacted] преку застапник [redacted] административен асистент со архивски број [redacted] од [redacted] година, согласно член 20 став (1), член 21 став (1) и член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) на ден 11.05.2022 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**за позитивен одговор за Барањето за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] **СЕ УВАЖУВА.**

2. Фондот за иновации и технолошки развој располага со информациите:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година

- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година

- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно) за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година

## Образложение

До Фондот за иновации и технолошки развој, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се побарани информациите наведени во диспозитивот на Решението.
Фондот за иновации и технолошки развој го разгледа предметното барање и постапи согласно член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно со Решението за позитивен одговор ви се доставуваат бараните информации и тоа:

- За 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година нема лица вработени во Фондот на кои им престанал работниот однос
- За 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година нема нови вработувања, ниту превземања од други институции и
- За 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година нема вработени на определено време и со авторски договори. За погоренаведениот период Фондот за иновации и технолошки развој има склучено Договори за дело за вршење на привремени работи за потребите на Фондот за иновации и технолошки развој за вршење на работни задачи поврзани со општи работи и координација, јавни набавки, комуникација со јавност, правни прашања, финансии, стратешко планирање на програми за поддршка на приватниот сектор и соработка со домашни и меѓународни институции, анализа на политики и програми за поддршка на приватниот сектор, програми во областа на образование, истражување, развој и иновации, мониторинг на корисници и спроведување на програмите за поддршка на приватниот

сектор, спроведување на програмите за поддршка на приватниот сектор и управување со човечки ресурси, и тоа:

1. 2020 година - 37 ангажирани лица;
2. 2021 година - 45 ангажирани лица и
3. првите 4 месеци од 2022 година - 46 ангажирани лица.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение имате право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 11.05.2022 година.

Фонд за иновации и технолошки развој
в.д. Директор Festim Halili

Доставено до:

- Подносителот на е-пошта
- АРХИВА на Фонд за иновации и технолошки развој

Службено лице за посредување со информации: [redacted]